# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 04 03.04.2026, среда

www.valandovo.gov.mk


**С О Д Р Ж И Н А**

**Совет на Општина Валандово:**


**1.Решение** за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете со фактичко и континуирано живеалиште на подрачјето на Општина Валандово.........................................................................2

**2.Одлука** за измена и дополнување на Одлуката за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете со фактичко и континуирано живеалиште на подрачјето на Општина Валандово.........................................................................2

**3.Решение** за објавување на Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместок на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово.........................................................................3

**4.Правилник** за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместок на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово.........................................................................3

**5.Решение** за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година............................3

**6. Програма** за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година.................................................................................4

**7.Решение** за објавување на Одлука Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 3, за Блок 3.1, населба "Центар", во Град Валандово, КО Валандово, Општина Валандово..........................................................4

**8.Одлука** Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 3, за Блок 3.1, населба "Центар", во Град Валандово, КО Валандово, Општина Валандово.........................................................................4

**9.Решение** за објавување на Одлука Нацрт Измена и дополнување на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4,Општина Валандово...............................................5

**10.Одлука** Нацрт Измена и дополнување на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4,Општина Валандово.........................................................................5

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете со фактичко и континуирано живеалиште на подрачјето на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете со фактичко и континуирано живеалиште на подрачјето на Општина Валандово што Советот на Општина Валандово ја донесе на третата вонредна седница, одржана на ден 31.03.2026 година.

Бр.09-443/2
03.04.2026 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Ѓоко Камчев

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и точка 13, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 11 и точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово како и Одлуката за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете на семејства со фактичко и континуирано живеалиште на подрачјето на Општина Валандово бр. 08-185/28 од 26.12.2025 г. (Сл.гласник бр.19 од 02.01.2026 година), Советот на Општина Валандово на третата вонредна седница одржана на 31.03.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За Измена и дополнување на Одлуката за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете на семејства со фактичко и континуирано живеалиште на подрачјето на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете на семејства со фактичко и континуирано живеалиште на подрачјето на Општина Валандово бр.08-185/28 од 26.12.2026 година(Сл. Гласник на Општина Валандово бр.19/25) со тоа што:

Називот на Одлуката за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете на семејства со фактичко и континуирано живеалиште на подрачјето на Општина Валандово бр. 08-185/28 од 26.12.2025 г. се менува и гласи:

"Одлука за еднократен финансиски надоместок за новородено дете на семејства со живеалиште или престојувалиште на подрачјето на Општина Валандово"

**Член 2**

Се врши измена на член 1 и гласи :

Со оваа одлука, општина Валандово доделува еднократен финансиски надоместок за новородено дете на семејства со живеалиште или престојувалиште на подрачјето на Општина Валандово

**Член 3**

Се врши измена на член 3 и гласи:

Постапката за остварување на правото на еднократен финансиски надоместок за новородено дете на семејства со живеалиште или престојувалиште на подрачјето на Општина Валандово се поведува со поднесување на писмено Барање најдоцна во рок од 60 дена од раѓањето на детето. По исклучок барање поднесено по истекот на рокот може да се разгледа доколку подносителот достави оправдани причини (болест и болничко лекување).

Подносителот го поднесува Барањето лично или преку полномошник со полномошно заверено од Нотар не порано од денот на раѓањето на детето.

Член 4

Се врши измена на член 4 и гласи:

Родителите на новороденото дете кон барањето должни се да приложат и Извод од матичната книга на родените за новороденче, лична карта за еден од родителот/старателот, за самохран родител се доставува соодветен доказ(судска пресуда, извод од матична книга на умрените или друг документ) и податоци за трансакциона сметка на еден од родителите.

Член 5

Постапката ќе се регулира со Правилник донесен од страна на Градоначалникот на Општина Валандово.

Член 6

Останатите одредби од Одлуката остануваат непроменети.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-68/2 Совет на Општина Валандово
31.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Правилник за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместок на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместок на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово што Советот на Општина Валандово го донесе на третата вонредна седница, одржана на ден 31.03.2026 година.

Бр.09-443/3 Градоначалник
03.04.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 25 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19 и 14/20), член 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96 и член 97 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 105, член 106, член 107, член 108, член 109, член 110, член 111, член 112, член 113, член 127, член 128 и член 134 став 6 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 120/18 и„Службен весник на РСМ" бр.110/19,267/20, 151/21 и 288/21), член 13 од Законот за пожарникарството („Службен весник на РМ" бр.67/2004, 81/2007, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 152/19), член 16 од Граѓанскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправите и воспитно-поправите установи, државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македониа („Службен весник на РСМ" бр.51/20 и 172/21), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (,Службен весник на РМ" бр.05/2002) и член 45 од Статутот на Општина Валандово, а имајќи ги во предвид одредбите од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на РМ" бр.11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 32/17, 140/18 и „Службен весник на РСМ" бр.124/19, 239/19 и 41/22), Советот на општина Валандово на третата вонредна седница одржана на ден 31.03.2026 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**

**за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово заведен под бр. 08-43/17 од 27.02.2026 година.

**Член 2**

Членот 4 се менува и гласи:

Бројот на бодовите за секое работно место се утврдува според сложеноста на работата, која зависи од степенот на образованието потребен како услов за засновање на работен однос, а утврден во актот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Валандово, и тоа:

1. Командир на ТППЕ 988 бода
2. Командир на одделение 759 бода
3. Пожарникар спасител - водач на група 755 бода
4. Пожарникар спасител - техничар 744 бода
5. Пожарникар спасител 725 бода

**Член 4**

Овој Правилник ќе се објави во "Службен гласник на Општина Валандово" а ќе се применува почнувајќи со исплатата на плата за месец март 2026 година.

Бр.08-68/3 Совет на Општина Валандово
31.03.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година што Советот на Општина Валандово ја донесе на третата вонредна седница, одржана на ден 31.03.2026 година.

Бр.09-443/4
03.04.2026 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Ѓоко Камчев

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 15 став 1 точка 3, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на Општина Валандово на третата вонредна седница одржана на 31.03.2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година**

**Член 1**

Во Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година, во точка 3. Активности, алинеја 3.4 Реализација на проекти се додаваат нови точки кои гласат:

- Реконструкција и поставување на дополнително осветлување на фудбалски стадиони на територија на Општина Валандово.
- Реконструкција на фудбалски стадион во град Валандово.

**Член 2**

Останатите одредби од Програмата остануваат непроменети

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валандово".

Бр.08-68/4
31.03.2026 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 3, за Блок 3.1, населба "Центар", во Град Валандово, КО Валандово, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 3, за Блок 3.1, населба "Центар", во Град Валандово, КО Валандово, Општина Валандово што Советот на Општина Валандово ја донесе на третата вонредна седница, одржана на ден 31.03.2026 година.

Бр.09-443/5
03.04.2026 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Ѓоко Камчев

Врз основа член 27 став 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25"), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002" и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 21 став 1, точка 7 и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на третата вонредна седница, одржана на ден 31.03.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 3, за Блок 3.1, населба "Центар", во Град Валандово, КО Валандово, Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 3, за Блок 3.1, населба "Центар", во Град Валандово, КО Валандово, Општина Валандово со технички број 04/2026 од Март 2026 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Валандово, да постапи согласно член 27 став 5 од Законот за урбанистичко („Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25").

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-68/5
31.03.2026 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука Нацрт Измена и дополнување на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4,Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука Нацрт Измена и дополнување на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4,Општина Валандово што Советот на Општина Валандово ја донесе на третата вонредна седница, одржана на ден 31.03.2026 година.

Бр.09-443/6
03.04.2026 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Ѓоко Камчев

---

Врз основа член 28 став 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25“), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002" и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 21 став 1, точка 7 и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на третата вонредна седница, одржана на ден 31.03.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**Нацрт Измена и дополнување на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт Измена и дополнување на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4, Општина Валандово со технички број 136/2023 од Февруари 2026 година изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Валандово, да постапи согласно член 28 став 4 од Законот за урбанистичко („Службен весник на РСМ" бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25“).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Валандово”.

Бр.08-68/6
31.03.2026 год.
Валандово

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова

---